РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
УНИВЕРЗИТЕТ "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"
СКОПЈЕ
- 8 -05- 2023
Прилог: Вредност:
02 553/15

До
Универзитетската изборна комисија (УИК)
при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“
С К О П Ј Е

Подносител: Димитар Ташковски, редовен професор на ФЕИТ, утврден кандидат за избор за ректор на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ од Скопје во мандатниот период од 16 септември 2023 до 15 септември 2026 година според Решение бр. 02-553/9 од 03.05.2023 година.

ПРОТИВ : Решението за утврдување на листа на кандидати за ректор на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ од Скопје во мандатниот период од 16 септември 2023 до 15 септември 2026 година бр. 02-553/9 од 03.05.2023 година на Универзитетската изборна комисија.

ОСНОВ : Повреда на член 178 став 3 од Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ од Скопје.

ПРЕДЛОГ : Оспореното Решение да се преиначи на тој начин што кандидатот Ајдински Горан ќе биде утврден како кандидат под реден број 1, а кандидатката Ангелова Билјана ќе биде утврдена како кандидат под реден број 2, со што ќе се запази азбучниот ред на листата на кандидати за ректор, според презимето на кандидатот, како што пропишува член 178 став 3 од Статутот на УКИМ.

**ПРИГОВОР**

против Решението на Универзитетската изборна комисија за утврдување на листа на кандидати за ректор на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ од Скопје бр. 02-553/9 од 03.05.2023 година

На ден 03.05.20023 година Универзитетската изборна Комисија (УИК) донесе Решение бр. 02-553/9 за утврдување на листа на кандидати за ректор на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ од Скопје во мандатниот период од 16 септември 2023 до 15 септември 2026 година.

Со предметното Решение утврдени се шест кандидати за избор за ректор, при што како кандидат под реден број 1 е утврдена проф. д-р Ангелова Билјана, како втор е утврден проф. д-р Ајдински Горан. Јас сум утврден како кандидат под реден број 6.

Незадоволен од наведеното Решение, согласно член 179 став 1 од статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во пропишаниот рок го поднесувам овој приговор, од следните причини:

- Со оспореното Решение бр. 02-553/9 е повреден член 178 став 3 од Статутот на УКИМ, кој налага листата на кандидати за ректор да се утврди според азбучниот ред на презимето на кандидатите за ректор.

- Согласно со цитираната одредба од членот 178 став 3 од Статутот на УКИМ, според азбучниот ред на презимињата на кандидатите, како кандидат под реден број 1 треба да биде заведен кандидатот Ајдински Горан, а како кандидат под реден број 2 кандидатката Ангелова Билјана. Ова од причина што според азбучниот ред, презимињата на двајцата кандидати започнуваат на буквата „а", но втората бука од презимето на кандидатот Ајдински е „ј", додека втората буква во презимето на кандидатката Ангелова е „н". Во азбуката на македонскиот литературен јазик, буквата „ј" е дванаесетта по ред, додека буквата „н" е шестнаесетта по ред. Или поинаку кажано, втората буква во презимето на кандидатот Ајдински –„ј" е за четири места понапред во македонската азбука од втората буква во презимето на кандидатката Ангелова –„н." Следствено, кандидатот Ајдински според азбучниот ред на презимето, во листата на утврдени кандидати за ректор треба да го заземе редниот број 1, пред кандидатката Ангелова Билјана.

- Спротивно на членот 178 став 3, наместо кандидатот Горан Ајдински да биде утврден под реден број 1 во листата на утврдени кандидати за ректор според азбучниот ред на неговото презиме, Универзитетската изборна комисија како кандидат број 1 ја утврдила кандидатката Ангелова Билјана, иако според азбучниот ред на нејзиното презиме таа треба да биде утврдена како кандидат број 2, зад кандидатот Ајдински Горан.

Со сторената повреда на член 178 став 3 од Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј", кандидатката Ангелова Билјана е ставена во привилегирана позиција во изборниот процес во однос на сите други утврдени кандидати за избор за ректор, бидејќи истата е ставена на чело на листата иако според азбучниот ред на нејзиното презиме таа не треба да биде таму, туку треба да биде втора на листата. Во изборниот процес, кога некој кандидат ќе биде ставен на чело на листата на утврдени кандидати спротивно на утврдените правила, тоа е сигнал до избирачите дека тој кандидат има привилегиран третман, надвор од правната рамка поставена со статутот на УКИМ, а со што другите кандидати се ставаат во подредена положба. Уште повеќе што кандидатката Ангелова Билјана во моментот е проректорка за финансии на УКИМ, со што се праќа сигнал до избирачите дека Проректорката е онаа која е фаворизирана и која треба да биде избрана.

Од горенаведените причини, предлагам оспореното Решение за утврдување на листа на кандидати за ректор на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" од Скопје во мандатниот период од 16 септември 2023 до 15 септември 2026 година бр. 02-553/9 од 03.05.2023 година на Универзитетската изборна комисија **да се преиначи на тој начин што кандидатот Ајдински Горан ќе биде утврден како кандидат под реден број 1, а кандидатката Ангелова Билјана ќе биде утврдена како кандидат под реден број 2, со што ќе се запази азбучниот ред на листата на кандидати за ректор според презимето на кандидатот согласно со членот 178 став 3 од Статутот на УКИМ.**

Скопје, 08.05.2023

ПОДНОСИТЕЛ

Проф. д-р Димитар Ташковски